ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-280/15**

**Дата:** 03.04.2012

**ДО**
**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ (во натамошниот текст СДСМ) на сметката за редовно работење.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на СДСМ за редовно работење и локални избори за 2005 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземени мерки по дадени препораки се констатира дека СДСМ делумно постапил по дадените препораки.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на СДСМ за 2010 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Во законски утврдениот рок не се доставени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Со извршената ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, констатирано е дека СДСМ за дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата се уште нема решен сопственички статус. Исто така не поседува доволно докази за потврдување на бројот на општинските организации кои користат деловен простор, нивното седиште и начинот на нивното користење (со или без надомест).

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- распределбата на средствата кои имаат третман на јавно финансирање на политичките партии;
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Извршивме обелоденување во делот на уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу коалиционите партнери; постоење на повеќе сметки од законски утврдениот лимит и прифатени корекции кои имаат влијание на билансот на состојба.

Во законски утврдениот рок не се доставени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на СДСМ, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на СДСМ за редовно работење и локални избори и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ и
- Андреј Петров, секретар на СДСМ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на СДСМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06/10/2011 до 28/10/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2005 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2005 година. Со ревизијата на преземени мерки по дадени препораки се констатира дека СДСМ делумно постапил по дадените препораки (Преглед I).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на СДСМ – предмет на ревизија, одржан на ден 13.12. 2011 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

На ревизијата и се презентирани документи дека Годишната сметка за финансиско работење за 2010 година е доставена до Управата за јавни приходи, Централниот регистар и Државниот завод за ревизија, но не и до Министерството за финансии. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии и влијае на достапноста на информациите до надлежните институции.
Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии (член 7), обврската за доставување на годишната сметка до Министерството за финансии е укината поради што ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.

### 4.2. Финансиски извештаи
### Биланс на состојба

4.2.1. Ревизијата констатира дека во 2010 година партијата платила 1.172 илјади денари/обврски по повеќе фактури кои потекнуваат од минати години и истите во претходните пресметковни периоди не биле сметководствено евидентирани.
Оваа состојба не е во согласност со начелата на сеопфатно, благовремено и ажурно водење на деловните книги, дефинирани во Законот за сметководството на непрофитните организации и влијае на реално и објективно прикажување на почетната состојба на Активните временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачите во финансискиот извештај – биланс на состојба.

Во текот на извршувањето на ревизијата, одговорните лица во СДСМ постапија по укажувањата на ревизорите и воспоставија целосна сметководствена евиденција на неподмирените обврски пренесени во 2011 година.

**Препорака**

Одговорното лице да воспостави сметководствени принципи и начела за начинот на евидентирање и искажување на обврските во сметководствената евиденција и да обезбеди нивна практична примена.

4.2.2. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица презентиран е Преглед на општини, во кои СДСМ располага со градежни објекти, кои партијата ги наследила од правниот субјект нејзин претходник. При тоа, не е презентиран ревизорски доказ за утврдување на сопственоста на објектите и нивно воведување кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција. За еден објект од наведените градежни објекти, во 2007 и 2008 година со две правни лица склучени се договори за закуп на деловен простор со надомест, додека за два објекта, партијата нема склучено договори, односно фирмите закупувачи не плаќаат надомест, а имаат обврска да учествуваат во заедничките трошоци. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации, Закон за облигационите односи, Закон за сопственост и други стварни права и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Одговорното лице во СДСМ да обезбеди соодветни документи (одлуки, решенија) кои би претставувале основа за решавање на сопственичкиот статус на објектите со цел нивно воведување кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција на партијата.

По утврдување на сопственичкиот статус да се пристапи кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со корисниците на деловниот простор.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.3. СДСМ територијално е организиран во општински организации и месни одбори. Општинската организација на СДСМ е облик на поврзување и дејствување на месните одбори, односно на членството од подрачјето на општината. Подрачјето на дејствување на општинската организација се поклопува со административно – територијалната поделба на Република Македонија. Со извршениот увид во деловните книги ревизорите утврдија дека, дел од општинските организации просторно се сместени во објекти

сопственост на партијата, објекти наследени од правниот субјект нејзин претходник и објекти изнајмени за користење за одреден надомест, согласно склучен договор.

На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор во кој се сместени преостанатиот дел од општинските организации што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Поради тоа не е можно потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи деловен простор со надомест или на приходите по основ на донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Централниот одбор на СДСМ да обезбеди одлука за бројот, седиштето и начинот на користење на деловните објекти наменети за општински организации.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупни ефекти од изнесените наоди во точката 4.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се:

- непочитување на начелата на сеопфатно, благовремено и ажурно сметководствено евидентирање на обврските во претходните години,
- нерешен сопственички статус на дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата и
- непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за општински организации, а со тоа и на вкупните расходи и приходи по овој основ.

### Мислење – за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2 финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СДСМ на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на СДСМ, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Во 2010 година СДСМ остварил вкупни приходи во износ од 30.385 илјади денари, при што најголемиот дел од нив или 46% (13.877 илјади денари) се однесуваат на пренесени средства од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии и Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии донесено од Министерство за финансии број 07-13441/1 од 20.04.2010 година.

Имајќи ги предвид одредбите од законските и подзаконските акти за начинот на финансирање на политичките партии и расположливите податоци добиени со ревизијата, утврдено е следното:

- Постојат разлики во начинот на распределба на средствата за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија утврдени во Законот за финансирање на политичките партии и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, поради што Уставниот суд на Република Македонија во 2011 година донесе Одлука У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година (Службен весник на РМ бр. 132/11), со која се укинаа неколку одредби од Упатството;
- Во текот на извршувањето на ревизијата од страна на ревизорите доставено е писмено барање до Министерство за финансии со цел да се добијат податоци за висина на планирани и исплатени средства за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија за 2009 и 2010 година, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии. До завршувањето на ревизијата вакви податоци не се добиени;
- Донесеното Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии не овозможува јасен приказ за начинот на кој е извршена распределбата на средствата меѓу партиите и
- Во точка 7 од Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките

партии е наведено дека носителот на коалицијата се задолжува средствата кои отпаѓаат на коалицијата да ги распредели на коалиционите партнери сразмерно на бројот на нивните советници, додека според Законот за финансирање на политичките партии средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено партиите поинаку не се договорат.

Ревизијата упатува на потребата од воспоставување на едноставен и точен систем за утврдување на паричните средства за финансирање на политичките партии и транспарентен начин на нивна распределба.

6.2. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна и во најмалку еден од дневните весници. Со став 3 од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]„. До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер. За потврдување на утврдената состојба ревизијата се обрати со писмо до надлежното министерство, но по истото не е добиен повратен одговор.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

Утврдената состојба предизвикува политичката партија да изврши прилагодување на потребните информации за обезбедените донации, истите да го објави на својата веб страна, но не и во најмалку еден од дневните весници.

6.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките парти е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

„модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]". Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите преставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа". За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ".

6.4. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 5/2007, 8/2007 и 7/2008) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија" број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481- Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482- Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

партии вклучувајки ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

7.1. По барање на ревизијата од Централен регистар на Република Македонија добиени се податоци, според кои во текот на 2010 година на име на СДСМ постојат отворени пет сметки и тоа:

- Социјалдемократски сојуз на Македонија – редовно работење;
- Локални избори 2009 година;
- Сонце Коалиција за Европа 2008 година;
- Локални избори 2005 година и
- Наменска сметка за исплата на плата и надомест од плата.

На 28.02.2011 година, кога е и законскиот рок за доставување на финансиските извештаи за 2010 година до Државниот завод за ревизија, доставени се годишни сметки за сметките за редовно работење и Локални избори 2009 година. За сметките Сонце Коалиција за Европа 2008 година и Локални избори 2005 година добиено е известувања од секретарот на СДСМ дека во текот на 2010 година немаат никакви финансиски трансакции.

Прометот на сметката Локални избори 2009 година се однесува на пренесените средства од Буџетот на Република Македонија во износ од 2.558 илјади денари и нивниот трансфер на сметката за редовно работење.

Повеќето сметки се отворени за потребите на соодветната изборна кампања и истите согласно одредбите од Изборниот законик откако ќе бидат исплатени средствата од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините и градот Скопје за секој добиен глас на изборите требало да бидат затворени. Наменска сметка за исплата на плата и надомест од плата во јануари 2011 е затворена, додека сметките Сонце Коалиција за Европа 2008 година и Локални избори 2005 година се затворени во март 2011 година. Сметката Локални избори 2009 година, не е затворена во законски утврдениот рок поради постоење на побарувања од 33 општини по основ на надомест на парични средства за локалните

избори 2009 година во износ од 686 илјади денари истата. Оваа сметка е затворена во ноември 2011 година.

7.2. Согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии ако пратеникот, градоначалникот односно советникот е избран како кандидат на две или повеќе политички партии, средствата што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за финансирање на политичките партии се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено политичките партии поинаку не се договорат.

Во ноември 2011 година склучена е спогодба за распределба на средства за финансирање на политичките партии кои учествуваат како коалиција предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и имаат пратеници во Собранието на Република Македонија, што преставува постапување по дадената препорака на ревизијата и имплементација на одредбите од Законот за финансирање на политичките партии.

7.3. Во текот на ревизијата од страна на партијата прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба да се зголемат за 9.190 илјади денари. При тоа презентирани се:

- налог за книжење број 0001 од 28.10.2011 година со кој е извршена корекција на претходно внесените податоци на вредноста на градежните објекти и опремата во билансот на состојба односно извршено е зголемување на вредноста на наведените средства и деловниот фонд за износ од 9.031 илјади денари, а се однесуваат на непресметаната ревалоризација за 2010 година;
- налози за книжење број 0001 од 20.10.2011 година и 0002 од 28.10.2011 година со кој е извршено зголемување на активните временски разграничувања и обврските спрема добавувачите за 159 илјади денари, поради :
    - неевидентираните обврски спрема добавувачите во износ од 520 илјади денари и
    - двојно евидентирани обврски во износ од 361 илјади денари.

Скопје, 27.02.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 11 | 0 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 13.609 | 9.044 |
| Приходи од закупнини и кирии | 2.518 | 1.993 |
| Други приходи | 0 | 169 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 64 | 1 |
| Вонредни приходи | 14.183 | 14.067 |
| **Вкупно приходи** | **30.385** | **25.274** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 22.700 | 16.008 |
| Други расходи | 1.012 | 1.054 |
| Капитални и други средства | 564 | 2.524 |
| Помошти донации и други давачки | 100 | 0 |
| Плати и надомест на плати | 5.630 | 5.654 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 320 | 23 |
| **Вкупно расходи** | **30.326** | **25.263** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **59** | **11** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки** | | |
| Парични средства | 60 | 64 |
| Побарувања | 70 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 6.760 | 9.523 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | **6.890** | **9.587** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 113.717 | 105.609 |
| **Вкупно постојани средства** | **113.717** | **105.609** |
| **Вкупна актива** | **120.607** | **115.196** |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 6.493 | 9.559 |
| Обврски спрема државата и други институции | 102 | 17 |
| Други краткорочни обврски | 165 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 130 | 11 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **6.890** | **9.587** |
| **Извори на деловните средства** | | |
| Деловен фонд | 113.717 | 105.609 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **113.717** | **105.609** |
| **Вкупна пасива** | **120.607** | **115.196** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **105.609** | **105.609** |
| **Зголемување по основ на:** | **13.110** | **13.110** |
| Набавки | 1.389 | **1.389** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот | 11.721 | **11.721** |
| **Намалување по основ на:** | **5.002** | **5.002** |
| Амортизација | 2.582 | **2.582** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот | 2.420 | **2.420** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **113.717** | **113.717** |